ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## „СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“




Штип, 2016

**Издавач:**

Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика

**Уредници:**

Проф. д-р Никола В. Димитров

Доц. д-р Дејан Методијески

**Организациски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Доц. д-р Дејан Методијески
Асистент докторанд м-р Душица Санева
Асистент докторанд м-р Оливер Филипоски
Асистент докторанд м-р Кристина Ковачевиќ
Асистент докторанд м-р Наташа Колевска Асистент докторанд м-р Душко Јошески

**Програмски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Проф. д-р Нако Ташков
Проф. д-р Златко Јаковлев
Проф. д-р Цане Котески
Проф. д-р Мичо Апостолов
Доц. д-р Дејан Методијески
Доц. д-р Марија Магдинчева Шопова Доц. д-р Тања Ангелкова Петкова **Печати:**

Печатница „2ри Август" - Штип

**Тираж:**

100 примероци

**Дизајн на корица:**

Доц. д-р Дејан Методијески
Проф. д-р Никола В. Димитров
**Фотографии за корица:**

М-р Васко Златковски

**Техничко уредување:**

Доц. д-р Дејан Методијески

**Лектор:**

Вангелија Цавкова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
616.314-08(075.8)
616.314-74(075.8)
НАУЧНО-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" (2016; Штип)
Зборник на трудови од научно-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија", Штип 28.05.2016 [Електронски извор] [уредници Никола Димитров, Дејан Методијевски]. - Текст во PDF формат, содржи 215 стр., илустр.. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за туризам и бизнис логистика, 2016
Начин на пристап (URL): http://js.ugd.edu.mk/. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден
18.07.2016 ISBN 978-608-244-313-3 1. Гл. ств.
насл.
а) Туризам - Економски прилики - Македонија - Собири
COBISS.MK-ID 101453578

## СОДРЖИНА

УЧЕСНИЦИ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА ................................................ 6

ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ ................................................... 15

ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ........................................... 17

СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров ........................................................ 18**

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ И НИВНИОТ ПРИДОНЕС ВО НАУКАТА

**Дејан Методијески, Душица Санева .................................. 26**

ОСНОВНИ ПОСТАВКИ НА МЕНАЏМЕНТОТ НА СИНЏИР НА СНАБДУВАЊЕ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА

**Мичо Апостолов, Лилјана Здравковска, Наташа Апостолова.................................................................. 36**

ЛОГИСТИЧКИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ

**Христина Филипоска, Оливер Филипоски .......................... 48**

ПРИМЕНА НА TQM (TOTAL QUALITY MANAGEMENT) СИСТЕМ ВО КОМПАНИИ

**Александра Ташевска ..................................................... 57**

ТРАНСПОРТНИ СИСТЕМИ

**Моника Станковска ......................................................... 64**

СОСТОЈБИ И МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИОТ БИЗНИС ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова, Магдалена Мицева .............. 74**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА И РАЗВОЈ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ТУРИЗАМ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, БОГДАНЦИ И ДОЈРАН

**Марија Магдинчева Шопова,Симона Савиќ,Убавка Вегова..86**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова,Љупка Атанасова,Вера Митровска ................................................................................................ 95**

ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО ....................................................105

УСЛОВИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ГРАДОВИТЕ ШТИП И КОЧАНИ И НИВНАТА ОКОЛИНА

**Златко Јаковлев, Цане Котески, Дарко Шпиртов ........... 106**

МОЖНОСТИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА СЕЗОНА

ВО ПООДДЕЛНИ ПЛАНСКИ РЕГИОНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Андреа Златковска, Јулијана Саздова ........................... 112**

ТУРИСТИЧКИ ЗНАМЕНИТОСТИ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА

**Цане Котески, Златко Јаковлев, Драгана Солтировска .. 125**

ПРОЦЕСНИ ИНОВАЦИИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО

**Николчо Петров, Тања Ангелкова Петкова ..................... 138**

НАТУРИЗМОТ КАКО ДЕЛ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРИЗАМ

**Златко Јаковлев,Благица Арнаудова,Цане Котески.......144**

МЕНАЏМЕНТ НА УСЛУЖНА ДЕЈНОСТ

**Златко Јаковлев,Цане Котески,Душица Матета Гигова..151**

ПРЕЗЕНТАЦИЈА И АНАЛИЗА НА ДЕЛ ОД ПУБЛИКУВАНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧИ ВО ПЕРИОДОТ 1954–1979 ГОДИНА И

НИВНАТА УЛОГА ВО ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров, Методи Чилиманов ........................ 160**

КРАТОК ОПИС НА ОСОГОВСКИОТ РЕГИОН

**Нако Ташков, Илија Милосовски .................................... 181**

ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА МАНАСТИРСКИТЕ КОМПЛЕКСИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

**Љупчо Јаневски, Науме Мариноски ................................ 185**

ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

**Нако Ташков, Ивана Ананијева, Симона Атанасова .......203**

# ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ

Зборникот „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" содржи трудови кои се презентирани на истоимената научно-стручна конференција, одржана на 28-ми мај 2016 година во Штип, во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Мотивите за одржувањето на конференцијата се повеќе. Конференцијата им даде можност на младите автори и студенти на втор и трет циклус на студии да ги презентираат и доближат до пошироката научна и стручна јавност своите теоретски и практични истражувања од областа на туризмот, економијата и логистиката. Во најголем дел, нивните трудови се изработени под менторство на професорите кои се истакнати научни работници и потврдени практичари. Од друга страна, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, изискува објавување на еден труд кој е резултат на истражувањето што е предмет на магистерскиот труд. Важен мотив за одржувањето на конференцијата е социјалниот дел, во кој учесниците имаа можност да се запознаат, разменат мислења, дискутираат и остварат вмрежување. Преку конференцијата, промовиран е градот Штип како туристичка дестинација, а од друга страна, позитивно влијае на имиџот на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

На конференцијата беа покренати бројни прашања, изнесени одделни размислувања и дилеми што со својата актуелност го зафатија научно-стручното поле на расправата, што резултираше со овој зборник. За понатамошна соработка и доближување до читателите, на почетокот на зборникот се претставени авторите со фотографија и кратка биографија, а покрај насловите на трудовите наведени се и нивните електронски адреси.

Од содржинска гледна точка, зборникот дава свој придонес во зголемување и збогатување на постоечката литература од областа на туризмот, економијата и логистиката. Тој е важен за заедницата на образовниот, јавниот и невладиниот сектор, како и стопанските организации кои се занимаваат со оваа проблематика. Тематски е поделен на два дела: Теми од економија и бизнис логистика, каде има девет труда и Теми од туризам и угостителство, каде се претставени

десет труда. Зборникот содржи над 200 страници текст од триесет и тројца автори, во кои за подобра презентација се користат графикони, табели и фотографии.

Како уредници на зборникот, ја користиме оваа прилика да искажеме благодарност до сите учесници на конференцијата, како и до колегите кои дадоа свој придонес во организацискиот и програмскиот дел на конференцијата.

Низ презентираните текстови и материјали, во зборникот се открива големото значење и современите тенденции на туризмот, економијата и логистиката во нашата земја. Исто така, реакциите од страна на учесниците беа позитивни во однос на успешната организација на конференцијата. Поради овие причини, се надеваме дека во иднина оваа конференција ќе добие меѓународен карактер и ќе доживее голема традиција.

**Никола В. Димитров**

**Дејан Методијески**

# ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

УДК 334.012.64 (497.715)

# СОСТОЈБИ И МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИОТ БИЗНИС ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова, Магдалена Мицева**

marija.magdinceva@ugd.edu.mk
magdalenamiceva@gmail.com

**Клучни зборови:** мали бизнис

развој, општина Гевгелија.

**Апстракт**

Значењето и важноста на малите претпријатија во глобални димензии се зголемува бидејќи претпријатија, создаваат нови работни места. Предмет на трудот претставува идентификувањето на состојбата од аспект на застапеноста на малите претпријатија и можностите за развој на малиот бизнис на подрачјето на општина Гевгелија. Во трудот ќе биде даден приказ на деловните претпријатија во општина Гевгелија по број, видови и дејности преку што ќе биде прикажана состојбата на застапеноста на малите претпријатија во вкупниот број претпријатија. Во заклучокот од трудот ќе бидат дадени насоки и препораки кои ќе претставуваат водич во идентификувањето на можностите за развој на малите претпријатија во општина Гевгелија.

## Вовед

Малите претпријатија се столбот на современите пазарни економии. Тие ги претставуваат индивидуалните способности и вештини со помош на кои збирот на единки – сопственици, го движат полето на економски раст и развој на една држава како целина. Бројот на мали и средни претпријатија во светот го достигнува својот максимум со бројка од 99 % од вкупно основаните претпријатија. Оваа бројка го покажува не само бројот на активни деловни субјекти, туку истовремено е показател за јачината и способноста која ја имаат малите претпријатија во процесот на вработување. Малите претпријатија апсорбираат милјарди работни места што овозможува економски развој креиран од можноста за преструктуирање и

реорганизирање на невработеноста, како и создавање услови за подобрена и зголемена конкурентност на пазарот.

Постојаното создавање нови работни места и генерирањето нови иновативни претприемачки идеи претставуваат основа за промени во економијата, повеќе отколку што истата можат да ја придвижат една или две големи компании. Малите претпријатија не само што создаваат нови работни места во локалната заедница, тие, исто така, со помош на инвентивноста и иновацијата имаат потенцијал да прераснат во претпријатија кои можат да обезбедат нови вработувања.

Општина Гевгелија, поради својата местоположба и географско-климатски погодности, со векови била центар на производството и на трговијата, посебно на земјоделски производи и храна, овошје, зеленчук и квалитетни вина. Крај Гевгелија минува Коридорот 10, а медитеранската клима придонесува Гевгелија и околината да располагаат со 240 сончеви денови во годината. Општина Гевгелија нуди одлични можности за развој на малите и средните претпријатија бидејќи во Гевгелија постојат неколку стопански зони: Блокотехна, Југозападна-Западна, Ракита, Деленица, кои се целосно инфраструктурно уредени. Во овие стопански зони се концентрирани 95 % од индустриските капацитети во општината.

## Дефинирање на малите претпријатија

Историски, малиот бизнис датира од пред повеќе од 4000 години[57]. Тој е опишуван во историските податоци за древните култури – вавилонската, арапската, египетската, грчка и римска. Најфундаменталната дефиниција на малиот бизнис е предложена од страна на Committee for Economic Development. Според неа, малиот бизнис треба да исполни две или повеќе од следниве карактеристики[58]:

- Менаџментот е независен, а менаџерите обично истовремено се и сопственици;
- Капиталот е во сопстеност на една индивидуа или на мала група;
- Подрачјето на дејствување е главно локално;

[57] Фити, Т. (2008), Основи на економијата, Економски факултет, Скопје, стр.132.
[58] http://www.ced.org

- Работодавците и сопствениците се од едно подрачје.

Јасна и прецизна дефиниција за малите претпријатија нема. Сите критериуми за дефинирање на малите претпријатија се однесуваат на бројот на вработени, вкупниот промет и годишниот биланс на состојба. Податоците покажуваат дека во 90 % од државите ширум светот 99 % се мали претпријатија. Според Европската комисија, малите претпријатија се класифицираат врз основа на следните критериуми:

- ✓ број на вработени,
- ✓ годишен обрт и
- ✓ годишниот биланс на состојба.

Бројот на вработени е критериум кој е неопходно да се почитува, додека, пак, претпријатието не мора да ги исполнува истовремено другите два критериуми. Може да го задоволува само критериумот за годишен обрт, или пак само да го исполнува критериумот за годишниот биланс на состојба.

**Табела 1.** Дефинирање на претпријатијата според Европската комисија

| Категорија на претпријатието | Број на вработени | Годишен профит | или | Вредност на биланс на состојба |
|---|---|---|---|---|
| Средни претпријатија | < 250 | ≤ 50 милиони евра | или | ≤ 43 милиони евра |
| Мали претпријатија | < 50 | ≤ 10 милиони евра | или | ≤ 10 милиони евра |
| Микро претпријатија | < 10 | ≤ 2 милиони евра | или | ≤ 2 милиони евра |

**Извор:** http:// www.ec.europa.eu

Одредувањето на деловните субјекти според критериумите одредени од Европската комисија се одвива на следниот начин:

- ✓ Средни се претпријатијата коишто имаат до 250 вработени, годишен профит до 50 милиони евра и годишна вредност на биланс на состојба до 43 милиони евра;

- ✓ Малите претпријатија имаат до 50 вработени, годишен профит не повеќе од 10 милиони евра и годишна вредност на биланс на состојба до 10 милиони евра;
- ✓ Во групата на микро спаѓаат оние фирми коишто имаат до 10 вработени, годишен профит не повеќе од 2 милиона евра и годишна вредност на биланс на состојба до 2 милиона евра.

**Карактеристики на малите претпријатија**

Покрај формалните дефиниции за малите претпријатија, постојат неколку карактеристики што ги одвојуваат од останатите претпријатија. Многу од нив индицираат на тоа дека формирањето и управувањето со мало претпријатие многу често е различно од вештините неопходни за управување со поголеми претпријатија.

За малите претпријатија карактеристични се следните особини[59]:

- Тие се во сопственост на една или две индивидуи. Овие клучни луѓе се одговорни речиси за сите критични настани во животот на бизнисот. Односно, тие ја имаат оригиналната замисла и идеја, го основаат претпријатието, ги надгледуваат неговите дневни активности, вработуваат друг кадар, одлучуваат што ќе се продаде и на крајот се одговорни ако активностите престанат.

- Финансирањето е обезбедено од сопственикот. Тешко е да се дојде до капиталот од екстерни инвеститори, па поголемиот дел од основачкиот и обртниот капитал е обезбеден од страна на сопственикот и од задржаниот профит од претпријатието.

- Ограничен удел на пазарот. Повеќето мали претпријатија се фокусирани на ограничен број купувачи. Нивната големина и ограничените ресурси не им овозможуваат да станат доминантни играчи во нивната индустрија.

- Ниско ниво на нето добивка. И покрај тоа што можноста да се оствари неочекувана добивка секогаш постои, реалноста е дека многу фирми имаат ниско ниво на нето добивка во финалните извештаи.

---

[59] http://www.examiner.com/article/characteristics-of-a-small-business

- Ограничена понуда на производи или услуги. Наместо да се обидуваат да бидат комплетни снабдувачи, малите претпријатија најчесто се стремат да се специјализираат во една или две работи коишто ги прават најдобро.

- Малите претпријатија најчесто може да се сретнат како фамилијарни претпријатија. Честопати, сопственоста и менаџерската контрола се во рацете на членовите на семејството на основачот.

- Најчесто се среќаваат во приватниот сектор. Сите економии се состојат од следните основни сектори: јавниот сектор, приватниот сектор и непрофитниот сектор. И покрај тоа што претпријатијата во сите три сектори вршат комерцијални активности, сепак, вистинските мали претпријатија можат да се сретнат само во приватниот сектор.

Малите претпријатија имаат ограничени вештини за управување, коешто вклучува планирање, водење, организирање и контролирање на главните активности на еден бизнис. Сопствениците на мали претпријатија обично имаат еден (или неколку) силни вештини коишто го предизвикале стартот, односно основањето на бизнисот. Додека, пак, обично им недостасуваат вештини во важни области како што се финансии, продажба и маркетинг, технички вештини, производство, човечки односи, и така натаму. Исто така, малите претпријатија имаат ограничени финансиски средства, односно тие се недоволно финансирани, и немаат финансиски резерви за да го финансираат растот или да ги зголемат можностите[60].

Малите претпријатија колективно можат да вработат многу луѓе и споредувајќи го износот на пари инвестирани во нив, трошоците по работно место се далеку пониски отколку во големите претпријатија. Малите претпријатија работат со луѓе, додека големите претпријатија работат со „системи“[61].

Како една карактеристика на малите претпријатија може да се истакне и високата стапка на неуспех. Како резултат на слабостите и проблемите споменати погоре, поголемиот дел од започнатите

---

[60] Фотов Р. (2010), Финансиски менаџмент, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Економски факултет, Штип, стр. 47.

[61] Бојаџиоски Д., Блажеска О. (2009), Економика на претпријатие, Економски факултет, Скопје, стр. 121.

бизниси не успеваат, а оние кои успеваат да преживеат не секогаш стигнуваат до полн потенцијал. Како причини за неуспехот на малите претпријатија обично се наведуваат лошото управување и/или недостаток на средства[62]. Поседувањето и раководењето со мал бизнис, од психолошки аспект може да влијае многу позитивно и наградувачки кога сопственикот е одговорен за сопствените успеси и има слобода самиот да донесува одлуки и истите да ги спроведува.

Предноста на малите во однос на големите бизниси може да се побара и да се искористи во следниве карактеристики[63]:

- Малите бизниси немаат големи финансии за маркетинг, малите бизниси се инвентивни и користат различни нискобуџетни маркетинг тактики кои можат да бидат поинтересни и поблиски за потенцијалните потрошувачи;
- Малите бизниси не држат големи залихи, не плаќаат за складишта, како ни за трошоци за одржување на залихи. Со тоа компензираат дел од повисоките цени за набавка во однос на големите бизниси;
- Во малите бизниси грешките може да бидат кобни како за претприемачот така и за бизнисот, па затоа претприемачите на малите бизниси се многу претпазливи. Тие имаат посебна карактеристика да преземаат вкалкулиран ризик;
- Заради повисоките цени, воведуваат различни дополнителни услуги (без потребна бирократија на големите) кои можат да бидат од големо значење за потрошувачите што претставува предност во однос на големите бизниси;
- Малите бизниси имаат особина на брзо прилагодување што кај големите заради бирократијата потешко се изведува, што претставува вистинска предност на малите;
- Малите бизниси се поблиски со потрошувачите и на секој потрошувач (голем или мал) можат да му обрнат посебно внимание при услужување, што претставува предност во однос на големите бизниси.

---

[62] Шуклев Б. (2004), Менаџмент на малиот бизнис, Економски факултет - Скопје, Скопје, стр. 229.
[63] http://www.pretpriemac.com/razlika-mali-golemi-biznisi/

**Развој на малиот бизнис во општина Гевгелија – практично истражување**

Во овој труд е направено истражување со цел да се согледа состојбата од аспект на застапеноста на активните деловни субјекти во општина Гевгелија во периодот од 2010 до 2014 година и застапеноста на малите претпријатија во вкупниот број на деловни субјекти.

**Табела 2.** Активни деловни субјекти по сектори на дејност во Општина Гевгелија, по години (2010 - 2014)

| **Сектори на дејност** | **Гевгелија** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** |
| Вкупно | 1313 | 1212 | 1276 | 1175 | 1190 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 79 | 78 | 85 | 69 | 70 |
| Рударство и вадење на камен | - | - | - | - | - |
| Преработувачка индустрија | 194 | 177 | 177 | 149 | 156 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 3 | 3 | 3 | 3 | 5 |
| Градежништво | 44 | 40 | 47 | 50 | 52 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 422 | 419 | 431 | 396 | 393 |
| Транспорт и складирање | 164 | 162 | 166 | 166 | 162 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 100 | 92 | 100 | 76 | 78 |
| Информации и комуникации | 9 | 8 | 9 | 10 | 10 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дејности во врска со недвижен имот | 10 | 11 | 15 | 7 | 9 |
| Стручни, научни и технички дејности | 73 | 76 | 92 | 94 | 94 |
| Административни и помошни услужни дејности | 68 | 8 | 8 | 9 | 7 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Образование | 17 | 17 | 18 | 16 | 14 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 44 | 46 | 50 | 50 | 52 |
| Уметност, забава и рекреација | 23 | 18 | 20 | 21 | 23 |
| Други услужни дејности | 54 | 48 | 46 | 49 | 54 |
| Дејности на домаќинствата како работодавци | - | - | - | - | - |
| Дејности на екстратериторијални организации и тела | - | - | - | - | - |

**Извор:** http://www.stat.gov.mk/

Во табела 2. се прикажани активните деловни субјекти по сектори на дејност во општина Гевгелија за периодот од 2010 до 2014 година. Од податоците добиени од спроведеното истражување може да се констатира дека најголем дел од деловните субјекти во општина Гевгелија се од областа на трговијата на големо и трговија на мало, веднаш потоа застапени се претпријатијата од преработувачката индустрија, транспортот и складирањето и како четврти се претпријатијата од областа на угостителството или објекти за сместување и сервисни дејности со храна.

Од добиените податоци може да се констатира дека во 2013 и 2014 година евидентен е тренд на намалување на бројот на активни деловни субјекти во трговијата на големо и трговијата на мало во однос на 2012 година, каде што бројот на активни деловни субјекти изнесува 431. Наведениот тренд е присутен и во секторот на

преработувачка индустирија и објектите за сместување и сервисни дејности со храна.

**Табела 3.** Активни деловни субјекти по големина во Република Македонија и општина Гевгелија, по години (2010 - 2014)

| | **2010** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Микро** | **Мали** | **Средни** | **Големи** |
| **Република Македонија** | 75 497 | 39 999 | 34 702 | 584 | 212 |
| **Општина Гевгелија** | 1 313 | 611 | 690 | 10 | 2 |
| | **2011** | | | | |
| | **Вкупно** | **Микро** | **Мали** | **Средни** | **Големи** |
| **Република Македонија** | 73 118 | 46 322 | 25 984 | 607 | 205 |
| **Општина Гевгелија** | 1 212 | 725 | 476 | 9 | 2 |
| | **2012** | | | | |
| | **Вкупно** | **Микро** | **Мали** | **Средни** | **Големи** |
| **Република Македонија** | 74 424 | 53 117 | 20 341 | 631 | 335 |
| **Општина Гевгелија** | 1 276 | 851 | 411 | 11 | 3 |
| | **2013** | | | | |
| | **Вкупно** | **Микро** | **Мали** | **Средни** | **Големи** |
| **Република Македонија** | 71 290 | 49 935 | 20 241 | 683 | 431 |
| **Општина Гевгелија** | 1 175 | 759 | 399 | 11 | 6 |
| | **2014** | | | | |
| | **Вкупно** | **Микро** | **Мали** | **Средни** | **Големи** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | 70 659 | 49 539 | 19 937 | 724 | 459 |
| **Општина Гевгелија** | 1 190 | 785 | 384 | 14 | 7 |

**Извор:** http://www.stat.gov.mk/

Според податоците за активни деловни субјекти по големина, може да се констатира дека најголем дел од активните деловни субјекти во Република Македонија и општина Гевгелија припаѓаат на микро и малите претпријатија.

Во 2010 година, во Република Македонија од вкупно 75 497 деловни субјекти, 72 306 се микро и мали претпријатија. Во 2013 година, во Република Македонија забележан е тренд на намалување на бројот на активни деловни субјекти, од вкупно 71 290 деловни субјекти, 70 176 се микро и мали претпријатија. Истиот тренд на намалување на бројот на активни деловни субјекти е забележан и во 2014 година.

Во 2010 година, во општина Гевгелија од вкупно 1 313 деловни субјекти, 1 301 се микро и мали претпријатија. Трендот на намалување на вкупниот број на деловни субјекти е присутен и во Општина Гевгелија, така што од вкупно 1 212 деловни субјекти, 1 201 се микро и мали претпријатија. Во 2012 година во општина Гевгелија евидентен е тренд на зголемување на бројот на активни деловни субјекти во однос на 2011 година и од вкупно 1 276 деловни субјекти, 1 262 се микро и мали претпријатија. Во 2013 година во општина Гевгелија од вкупно 1 175 деловни субјекти, 1 158 се микро и мали претпријатија. Трендот на намалување на активните субјекти е присутен во 2014 година кога од вкупно 1 190 деловни субјекти, 1 169 се микро и мали претпријатија.

## Препораки и насоки за развој на малиот бизнис во општина Гевгелија

Целите на секој успешен бизнис се негово усовршување и доведување до перфекција, лидерска позиција помеѓу конкурентите, општо задоволство на потрошувачите, долготраен раст и присуство на пазарот.

Општина Гевгелија има голем потенцијал за развој на малите претпријатија. Малите бизниси треба да се насочат кон туризмот каде што има големи можности за експанзија поради близината на

Дојранското Езеро, Ски центарот Кожуф, Смрдлива Вода и границата со Грција.

Сопствениците на малите претпријатија во општина Гевгелија при формирањето на малите претпријатија, како дополнителен недостаток ја сметаат недоволната финансиска поддршка која банките и локалните институции им ја обезбедуваат на претпријатијата како и откривањето на нови начини за постигнување на конкурентност, што не претставува недостаток, туку начин да се успее во бизнисот. Насоките за поттикнувње на развојот на малиот сектор во општина Гевгелија се состојат во имплементирање на:

- Програми за мотивирање на вработените за отпочнување со сопствен бизнис;
- Програми за финансиска поддршка при основање на мали претпријатија и
- Програми за едукација и советување при отпочнување и менаџирање со бизнисот.

**Заклучок**

Малите претпријатија се носители на нови работи места. Најголем дел од новите работни места се создадени од страна на претпријатијата кои вработуваат помалку од 20 вработени. Многу претприемачи започнуваат со мал бизнис како самовработени лица. Поради својата флексибилност, малите претпријатија нудат можност за настап на нови пазари преку воведување на нови производи во различни категории, а при тоа потпомагајќи ги и снабдувајќи ги потребите на големите компании. На тој начин, малите претпријатија учествуваат во создавањето на систем на заеднички интереси и планови кои значително ја подобруваат економската стабилност и сигурност на локални и на државни рамки.

Конкуренцијата ги охрабрува компаниите постојано да бараат нови и подобри начини за снабдување со подобрени производи и услуги, да пронајдат поефикасни и ефективни начини на управување на бизнисот и да освојуваат нови методи и процеси на производство.

Се смета дека еден регион е економски стабилен кога нивото на вработени лица е поголемо во однос на невработени лица и кога има сè поголем број успешни претпријатија. Креирањето на стратегии за развој на малиот бизнис преку поттикнувањето на претприемничката

клима во сите области претставуваат основа за развој на малите претпријатија.

**Користена литература:**


1. Бојаџиоски, Д., Блажеска, О. (2009), Економика на претпријатие, Економски факултет, Скопје;
2. Магдинчева-Шопова, М. (2012), Општи услови и начини за започнување со претприемничка активност, Печатница Софија Богданци;
3. Магдинчева-Шопова, М. (2014), Претприемачот на XXI век, Печатница Софија, Богданци;
4. Фити, Т. (2008), Основи на економијата, Економски факултет, Скопје.
5. Фотов, Р. (2010), Финансиски менаџмент, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Економски факултет, Штип;
6. Шуклев, Б. (2004), Менаџмент на малиот бизнис, Економски факултет - Скопје, Скопје.


**Интернет извори:**


http://www.ced.org http://www. ec.europa.eu
http://www.examiner.com/article/characteristics-of-a-small-business
http://www.pretpriemac.com/razlika-mali-golemi-biznisi/
http://www.stat.gov.mk/
http://gevgelija.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=56&Itemid=181&lang=mk